# 12 МАЈ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МЕДИЦИНСКИТЕ СЕСТРИ И ТЕХНИЧАРИ

По повод  Меѓународната недела на сестринството, на 5 мај се одбележува Меѓународен ден на акушерките, а на 12 мај Меѓународен ден на медицинските сестри и техничари.

Меѓународен ден на медицинските сестри и техничари  се одбележува на 12 мај, секоја година во знак на сеќавање на роденденот на Флоренс Најтингејл, основоположничка на модерното сестринство. Таа е родена во Фиренца, Италија  на 12 мај 1820 година. Целиот свој  живот се борела за унапредување на својата професија и правата на жените. Флоренс Најтингејл се смета за пионер на модерното сестринство во светот, дала придонес во промовирањето на графичкото претставување на статистички податоци, иницирала стручно образование на медицинските сестри и вовела методи за нега на пациенти и организација на болници, кои се прифатени во многу земји. Овој ден претставува глобална можност да се истакне клучната улога на медицинските сестри во здравствените системи и нивниот придонес кон унапредување на здравјето на населението.

**Медицината се занимава со човекот од аспект на болеста, а здравствената нега се занимава со човекот, од аспект на основните човечки потреби. Медицинската сестра има одговорна професија и се залага за постојана професионална надградба и континуирана медицинска едукација.**

Медицинска сестра опфаќа автономна и колаборативна грижа за лица од сите возрасти, семејства, групи и заедници, болни или здрави во сите услови. Тоа вклучува унапредување на здравјето, спречување на болести и грижа за болни, инвалидни и лица кои се на умирање. Секоја земја има потреба од компетентна, едуцирана, мотивирана,  добро дистрибуирана и поддржана здравствена работна сила како дел од глобалниот поттик за универзално здравствено покривање, а медицинските сестри се клучни за реализација на овие напори.Тие често се првиот, а понекогаш и последниот здравствен работник кој што ќе го види пациентот и квалитетот на нивната првична проценка и последователна грижа е од витално значење за добри здравствени резултати. Медицинските сестри учевствуваат во здравствена едукација на населението и посебни вулнерабилни групи за ризик факторите за настанување како на заразните, така и незаразните болести (пушење, неправилна исхрана, употреба и злоупотреба на алкохол, употреба на droги, физичка неактивност, небезбедно сексуално однесување, и др.)

СЗО има дадено важни препораки, вклучувајќи инвеститање во едукација на медицински сестри и акушерки, ангажирање на повеќе специјализирани медицински сестри, инвестирање и зајакнување на лидерски способности на медицинските сестри и акушерки, зајакнување и признавање на улогата на медицинската сестра во здравствениот систем, поддршка на здравствените работници во спроведување на промоција на здравјето и превенција на болести, кои се клучни за понатамошниот развој на медицинската дејност во иднина.

Скоро 50% од здравствените работници се медицински сестри и акушерки. На Светот му требаат 9 милиони повеќе медицински сестри и акушерки доколку сака да постигне универзално здравствено покривање до 2030 година.

Меѓународниот совет на медицински сестри (ICN), Меѓународниот ден на медицинските сестри (IND), 2026година, го одбележува со темата **„ Нашите медицински сестри. Нашата иднина. Овластените медицински сестри спасуваат животи“** и ја нагласува суштинската поврзаност помеѓу зајакнувањето на медицинските сестри и квалитетот на здравствената грижа. Во современиот здравствен контекст, медицинските сестри претставуваат најбројна професионална група во рамките на здравствениот систем и имаат директен и континуиран контакт со пациентите, што им овозможува значајно влијание врз исходите од лекувањето.

Научните истражувања покажуваат дека постои директна корелација помеѓу бројот и компетенциите на медицинските сестри и намалувањето на морбидитетот и морталитетот. Едуцираните и компетентни медицински сестри придонесуваат за подобра безбедност на пациентите, поефикасна комуникација во мултидисциплинарните тимови и поголема достапност на здравствените услуги.

**Според Меѓународниот совет на медицински сестри (ICN), зајакнувањето на сестрите преку квалитетно образование, професионална автономија и безбедни работни услови директно влијае врз квалитетот на здравствените услуги.**

Емпириските податоци укажуваат дека повисокото ниво на сестрински кадар и компетенции е поврзано со намалување на компликации, морталитет и должина на хоспитализација. Во услови на глобални здравствени предизвици, како што се хроничните заболувања, стареењето на популацијата и појавата на нови здравствени ризици, улогата на медицинските сестри станува сè позначајна. Оттука, вложувањето во нивната едукација, статус и благосостојба претставува вложување во иднината на здравството.

Во таа насока, инвестицијата во сестринството треба да се разгледува како стратешки приоритет. Зајакнатите медицински сестри не само што го подобруваат исходот кај пациентите, туку придонесуваат и за поефикасен,

одржлив и праведен здравствен систем. Во рамките на Меѓународниот совет на медицински сестри (International Council of Nurses), се потенцира дека инвестицијата во медицинските сестри не е само професионално прашање, туку и стратешка определба за одржлив и ефикасен здравствен систем. Меѓународниот совет на медицински сестри апелира на владите и работодавачите да преземат активности и создадат и одржуваат здравствени системи кои се безбедни, достапни и одговорни, и медицинските сестри потребно е, да се третираат од ,,да се биде невидлив до непроценлив`` ресурс во здравствените системи. Да се инвестира во медицинските сестри за обнова на здравствените системи кои можат да ги испорачаат целите за одржлив развој и универзалната здравствена покриеност за подобрување на глобалното здравје.

**Поддржете ги медицинските сестри во нивната секојдневна работа бидејќи тие се соочуваат со бројни предизвици: физички, ментални, емоционални и етички, и императив е справување со овие предизвици на начин што ќе го промовира нивното севкупно здравје.**

Да се обезбеди заштита против насилството и опасностите на работното место и имплементираат меѓународните стандарди на трудот за правата на медицинските сестри, да работат во безбедна и здрава работна средина која обезбедува заштита на физичкото и менталното здравје. Да се унапредат стратегии за регрутирање и задржување на медицински сестри и справување со недостатокот на работна сила преку системско планирање и следење на работната сила. Да се инвестира во висококвалитетни, акредитирани програми за образование на медицински сестри со цел да се подготват повеќе нови медицински сестри и да се унапреди развојот на кариерата за постоечките медицински сестри. Да се промовира и инвестира во култура на еднаквост која ја почитува сестринската професија како водечки придонесувач за висококвалитетен здравствен систем. И покрај критичната улога што ја имаат во здравствената заштита, во светот има недостиг од медицински сестри, кој се очекува да се зголеми со порастот на популацијата, што ја зголемува потребата за обучени медицински сестри во сите области на здравствената заштита. Современото здравство се темели на интегрирана грижа, каде медицинските сестри имаат незаменлива улога. Тие не се само извршители на медицински процедури, туку и клучни членови на тимот за здравствена заштита, емоционална поддршка за пациентите и носители на здравствено-едукативни активности во заедницата. Во контекст на зголемена сложеност на медицинските технологии и специјализирани третмани, нивната улога станува сѐ поодговорна и критична за квалитетот на здравствената услуга.

**Иднината на здравствениот систем во Република Македонија**

Недостатокот на кадар и стареењето на населението создаваат потреба за стратегиски развој на медицинските сестри. Според Светската здравствена организација, оптималниот однос на медицински сестри и лекари треба да биде приближно 3:1, додека во Македонија тој однос е значително понизок.

Затоа е потребно:

- Зголемување на бројот на обучени медицински сестри.
- Подобрување на условите за работа и платите.
- Интеграција на технологии како електронски здравствени евиденции и телемедицина.
- Поддршка за специјализирани обуки и континуирано образование.

Инвестицијата во професионалниот развој на медицинските сестри не е само локален интерес, туку и стратешка компонента на регионалното здравство. Земјите кои вложуваат во развој на сестринството бележат подобри здравствени показатели, помала смртност и повисоко ниво на доверба во здравствениот систем.

Р. Македонија е потребно да ги следи овие состојби и практикува што поголем број на едуцирани, специјализирани медицински сестри да бидат ангажирани во здравствениот ситем за што подобра задравствена покриеност на своето население.

Во Р. Македонија како и во другите земји се забележува тренд на намалување на бројот на медицински сестри. Според, Извештајот за кадар на Институтот за јавно здравје, во 2024 година во Р. Македонија во здравствените организации има вработено вкупно **9046** медицински сестри, од кои со високо образование се 1830 медицинска сестра, со вишо образование се 181 медицински сестри, а со средна стручна подготовка се 7035 медицински сестри.

Медицинските сестри играат клучна улога во унапредувањето на здравјето, спречувањето на болести и обезбедувањето примарна здравствена грижа. Тие обезбедуваат нега во постапување при итни случаи и ќе бидат клучни за постигнување на универзална здравствена заштита.

Медицинските сестри се темелот на квалитетната и хумана здравствена заштита. Нивната експертиза, посветеност и етичка одговорност се критични за благосостојбата на пациентите и за стабилноста на здравствениот систем. Иднината на здравството зависи од нивната професионализација, континуираното усовршување и соодветна поддршка од општеството и институциите. Поддршката и признавањето на трудот на медицинските сестри

не се само етички обврски, туку и стратешка инвестиција во здравјето на нацијата.

Изразуваме голема почит кон медицинските сестри за нивното залагање, пожртвувана работа и грижа за здравјето на населението.

http://www.iph.mk/

https://mk.wikipedia.org/wiki/

https://www.who.int/

https://www.icn.ch/how-we-do-it/campaigns/international-nurses-day

https://icn.ch/international-nurses-day-2026-prelaunch-dedicated-toolkit

Изготвил:

Оддел за здравствена промоција и следење на болести